Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на второто продолжение на 47-та седница, одржана на ден 13.04. 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –1909/1 од 07.05.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата, нема елементи за натамошно постапување за утврдување на одговорност за лицето -------------, член на Комисијата на Агенцијата ------------, поради промена на фактичка состојба, наведеното лице ---------------, не ја извршува повеќе функцијата член на Комисијата на Агенцијата за ------------------.

Предметот со број 09 –1909/1 од 07.05.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –1909/1 од 07.05.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи за коруптивни дејствија во форма на прекршување на правилата за ограничување на вршење на дејност за време на вршење на функција, односно прекршување на член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од страна на именуваното лице --------------. Понатаму е наведено лицето ---------------- е именувано лице на јавна функција - член на Комисијата на Агенцијата за -------------- од 15.06.2009 година без прекин, но додека на 03.12.2018 година, наведеното лице со уште едно физичко лице го основале Друштвото за наука и инженерство ----------------. Лицето ------------ се јавува како управител и како содружник во Друштвото. Понатаму според пријавителот, ДНУ ---------------, добива повеќе поволности од страна на различни државни институции, во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој во вредност од 30.000 евра и во форма на јавни набавки.

По однос на наводите од пријавата дека ДНУ ----------, каде управител и содружник е лицето ----------, добива повеќе поволности од страна на различни државни институции, во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој во вредност од 30.000 евра и во

форма на јавни набавки, Државната комисија веќе постапува по предмет со број 09-1910 од 07.05.2021 година со кој се испитува истата фактичка состојба.

По однос на наводите дека лицето ------------- го прекршил член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија изврши проверка и увид во Базата на анкетни листови, по што констатира дека лицето ---------- на ден 16.11.2020 година, доставил Анкетен лист за престанок од функцијата член на Комисијата на -------------. Според податоците во наведениот Анкетен лист за престанок, лицето ------------- е разрешено од функцијата на ден 16.09.2020 година. Врз основа на новонастаната фактичка состојба, Државната комисија не може да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси, согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето ------------- не е повеќе службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон, односно повеќе не ја извршува функцијата член на Комисијата на ----------------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК